Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа ТЕАТАР КОМЕДИЈА
Institucioni Nacional TEATRI I KOMEDISË
Бр.-Nr. 04-191/18
08. 04 2026 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Архивски знак:
Shenja arkivore:
Рок на чување:
Afati ruajtjes:
20 година viti

Република Северна Македонија
Национална установа ТЕАТАР КОМЕДИЈА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut
Institucioni Nacional TEATRI I KOMEDISË Shkup
Republic of North Macedonia
National Institution THEATER COMEDY Skopje
ТЕАТАР КОМЕДИЈА

Врз основа на член 12 став (2) алинеја 24 од Статутот на Националната установа Театар „Комедија“ – Скопје бр. 01-21/1 од 17.01.2024 година, а во врска со Одлуката за објавување јавен оглас за вработување бр. 04-191/1 од 17.03.2026 година, директорот на Националната установа Театар „Комедија“ – Скопје, ја донесе следната:

**Одлука**
**за поништување на Јавен оглас за вработување на неопределено време бр. 1/2026**

1. Со оваа одлука се поништува Јавниот оглас за вработување на неопределено време бр. 1/2026 за вработување на (едно) лице за работно место Актер – четврта група - 1 (еден) извршител, со шифра на работно место КУЛ 03 04 А06 001, категорија А – уметници, ниво А6, објавен во дневните весници „Нова Македонија“, „Вечер“ и „Коха“ на 18.03.2026 година.
2. Со оваа одлука се поништува Одлуката за објавување јавен оглас за вработување бр. 04-191/1 од 17.03.2026 година донесена од страна на директорот на Националната установа Театар „Комедија“ – Скопје.
3. Јавниот оглас од точката 1 од оваа одлука се поништува заради утврдени технички пропусти во усогласеноста на Јавниот оглас со актот за систематизација на работни места на Националната установа Театар „Комедија“ – Скопје.
4. Оваа одлука ќе се објави на веб страницата и на огласната табла на Националната установа Театар „Комедија“ – Скопје и ќе се достави до сите кандидати кои поднеле пријава на Јавниот оглас.
5. Со поништувањето на Јавниот оглас од точката 1 од оваа одлука престануваат да важат сите правни последици кои произлегле од истиот.
6. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Образложение**

Врз основа на член 3, член 5 ставови (1) и (2), член 6 и член 20-г ставови (1) и (2) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20, 302/20 и 208/24), член 77-а ставови (1) и (2), член 77-б, член 77-в став (2), член 77-г и член 77-д од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 265/24 и 132/25), а во согласност со одредбите од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на аудицијата, како и начинот на бодување во зависност од категоријта и нивото на работното место за кое е објавен јавниот оглас во РСМ Националната устанува Театар „Комедија“ Скопје бр. 02-364/6 од 01.06.2021 година, Правилникот за систематизација на работни места во Националната установа Театар „Комедија“ – Скопје бр. 01-517/1 од 30.07.2025 година, Одлуката за објавување јавен оглас за вработување бр. 04-191/1 од 17.03.2026 година и Согласноста од Министерството за финанисии на Република Северна Македонија за обезбедени финансиски средства бр. 04-9/2 од 13.03.2026 година, Националната установа Театар „Комедија“ – Скопје, Националната установа Театар „Комедија“ – Скопје во дневните весници „Нова Македонија“, „Вечер“ и

Република Северна Македонија
Национална установа ТЕАТАР КОМЕДИЈА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut
Institucioni Nacional TEATRI I KOMEDISË Shkup
Republic of North Macedonia
National Institution THEATER COMEDY Skopje

„Коха“ на 18.03.2026 година објави Јавен оглас за вработување на неопределено време бр. 1/2026 за вработување на (едно) лице за работно место Актер – четврта група - 1 (еден) извршител, со шифра на работно место КУЛ 03 04 А06 001, категорија А – уметници, ниво А6.

По објавувањето на Јавниот оглас, од страна на надлежните служби во Националната установа Театар „Комедија“ – Скопје, беше извршена дополнителна проверка на административните процедура при што беше констатирано дека е направен превид во однос на расположливоста на позициите предвидени со важечкиот Акт за систематизација на работните места. Имено, утврдено е дека за наведеното работно место во моментот на распишување на јавниот оглас нема слободна (непополнета) позиција, што претставува пречка за понатамошно спроведување на постапката.

Согласно позитивните законски прописи (Законот за културата, Законот за вработени во јавниот сектор, Законот за работни односи), секое вработување мора да биде во согласност со актите за организација систематизација на работни места во установата.

Со цел обезбедување на законитост во работењето и отстранување на формално-правните пречки, директорот на Националната установа Театар „Комедија“ – Скопје одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**НУ Театар „Комедија“ - Скопје**

**Дарко Спасов**

адреса..:бул. Климент Охридски бр.27, 1000, Скопје, Р. Северна Македонија
adresa..: bul. Kliment Ohridski Nr.27, 1000, Shkup. R. e Maqedonisë së Veriut
address..: Kliment Ohridski Str. No.27, 1000, Skopje. R. Of North Macedonia
тел/tel/ph..: +389 2 3109 999
e-mail..: teatarkomedija@gmail.com